

# ЛОКАЛЕН АКЦИСКИ ПЛАН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД НА ОПШТИНА ПРИЛЕП

за 2024-2025

ЛОКАЛЕН АКЦИСКИ ПЛАН ЗА
УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД НА
ОПШТИНА ПРИЛЕП
за 2024-2025

# Содржина


| | |
|---|---|
| **Предговор од градоначалникот** | 3 |
| 1. **Вовед** | 5 |
| 2. **Национална легислатива и обврски** | 6 |
| 3. **Анализа на постоечка состојба** | 7 |
| 4. **Акциски план за 2024-2025** | 10 |
| 5. **Следење на реализација на ЛАП и известување** | 40 |
| 6. **Вклученост на засегнатите страни и комуникациска стратегија** | 42 |
| **Изјава за транспарентност** | 43 |



Содржината на овој план е сопственост на Општина Прилеп и резултат на повеќемесечен труд на членовите на работната група. Придонесот на САЛАР и на Шведската влада беше ограничен на обезбедување техничка помош и финансиска поддршка на процесот.

SALAR International
A part of the Swedish Association of Local Authorities and Regions

Sweden Sverige



Слика на насловна страна: By Geograf208 - Own work, CC BY-SA 4.0
Грб на Општина Прилеп: MacedonianBoy - Own work, CC BY-SA 3.0,

# Предговор од градоначалникот

## Почитувани граѓани,



Значењето, улогата и одговорностите кои ми се доверени како градоначалник на Општина Прилеп за правилното третирање и управување со отпадот и јавната хигиена, како дејности кои се од јавен интерес, се со јасни законски обврски, но и морални и етички принципи и норми.

Локалната и регионалната улога на заедницата и нивната посветеност во управувањето со отпадот, игра важна улога во зачувувањето на животната средина, во контекст на одржливиот развој.

За да успееме во зацртаните цели и активностите предвидени во Локалниот акциски план за управување со отпад, ние како Локална самоуправа и ЈКП ,,Комуналец''- Прилеп, кој е вршител на услугата од дејноста отпад, континуирано соработуваме со граѓаните, бизнис секторот и институциите. Новите практики во управувањето со отпадот кои даваат одлични резултати, посебно во селекцијата на отпадот, ни се мотив, па оттука ги црпиме идеите да продолжиме со несмален интензитет да го решаваме најгорливиот проблем во државава - управувањето со отпадот. Беспрекорната посветеност на вработените кои работат во дејноста, градењето на свеста кај граѓаните за правилно третирање на отпадот на местото на неговото настанување и негово намалување, а со цел да не заврши во нестандардна депонија или за брзо време во санитарна регионална депонија, како и вниманието, ставовите и постапките кои ги спроведуваме кон бизнис заедницата кои продуцираат различни видови отпад, даваат одлични резултати. Затоа сме решени во 2024 и 2025 година да го воведеме интегрираниот систем за управување со отпад, односно да профункционира Центарот за управување со отпад во месноста Омец - Алинци. Во реализацијата на зацртаните цели, пред сè мораме да ги почитуваме меѓународните договори и законската регулатива, која нè обврзува како општина во делот на управувањето со отпадот.

Од 2008 година, во Прилеп започнавме постепено да го градиме проектот за селекција на корисни отпадни материјали. Почетоците беа прилично тешки, затоа што и ние не знаевме во која насока ќе се движиме. Со зајакнување на капацитетите, со научна, стручна и организациона помош од проектот ,,Одржливо управување со отпадот на локално ниво'', имаме план да го реализираме овој наш голем чекор во управувањето со отпад. Во оваа насока, работиме на измена на првичниот модел на селекција со две канти, за да најдеме одржливост и воведеме трета канта само за селекција на чист биоразградлив отпад. Истовремено, планираме и изградба на компостара од помал обем за потребите на Општина Прилеп, или пак, за поголеми количини доколку успееме да најдеме заеднички интерес со други општини преку меѓуопштинска соработка.

Покрај населението од градот кои селектираат по принципот ,,од врата до врата'', во процесот на селекција на отпад се вклучени и 16 населени места. Во моментов, работиме да ја вклучиме во собирање на отпад и најтешката мариовска планинска област, каде гравитираат 19 живи села, (некои оддалечени и до 40 километри) и бараме најисплатлив модел со оглед дека во повеќето од селата живеат од 1 до 15 жители. Но, мојата обврска како градоначалник е сите граѓани да добиваат иста услуга, согласно универзалноста на услугите која произлегува од Законот за управување со отпад.

Успехот е и во многуте реализирани кампањи, едукативни работилници за таргетирани групи, организирани трибини со урбаните заедници, медиумската поддршка која ја имавме и ја имаме од нашите пријатели новинари да ја пренесат нашата порака до населението. Во таа смисла, одличната надворешна соработка со заинтересираните и засегнатите страни и внатрешната комуникација помеѓу вработените е клучот за нашите резултати.

За крај, клучен фактор е секако одлуката. Мораме да одлучиме за да започнеме, планираме, надоградуваме, реализираме...

А, кога нешто започнува, самата потреба ќе го надоградува системот. Едноставно, воведувањето на новите практики во управувањето со отпад се како редење мозаик. Во тој мозаик клучно место имаат граѓаните на кои морате да им ја предадете диригентската палка, да ги слушате, почитувате, разбирате, но и да им овозможите подобри услови за живот, односно да им дадете мотивација преку разни донации, но и преку изградба на маалски паркови, детски игралишта и други потреби кои ги имаат Урбаните заедници, кои одиграа клучна улога во мотивацијата на граѓаните да селектираат отпад. Огромен е придонесот и од вработените од општинската администрација и вработените во јавното претпријатие да се истрае во заложбата Прилеп да биде најчист град.

Благодарам на мојот тим кој го подготви овој Локален акциски план за управување со отпад!

Ви препорачувам да бидеме храбри и да носиме одлуки, а истите да не бидат само парче хартија, туку и да ги реализираме! Ништо не е лесно, но кога се работи за животната средина и убавините на живеењето, секоја препрека треба да ни биде мотив повеќе за да успееме!

Со Почит,

**Борче Јовчески**

**Градоначалник на Општина Прилеп**

# 1. Вовед

На патот кон одржливо управување со отпадот, Република Северна Македонија веќе има преземено чекори кои постепено ги надминуваат постоечките проблеми за подобрување на системите за собирање и третман на отпадот и премин од линеарна во циркуларна економија. Новиот Закон за управување со отпадот[1], Планот за управување со отпад 2020-2030, воспоставувањето на регионалниот систем за управување со отпад, како и воспоставување на организации за проширена одговорност на производителите поставија солидна основа за воспоставување на ефективна оперативна рамка и подобрување на капацитетите и праксите на сите чинители во областа.

Следејќи ги насоките од регионалните планови за управување со отпад, во рамките на проектот „Одржливо управување со отпадот на локално ниво“ спроведуван од SALAR International, а финансиран од шведската влада преку Сида, беше развиен Оперативен регионален план за управување со отпад (ОРПУО) за пелагонискиот и југозападниот регион. Изработен заедно со општините од двата плански региона, ОРПУО претставува практичен документ кој ги локализира националните приоритети и цели и овозможува оптимално искористување на општинските ресурси. Инклузивниот и транспарентен процес го засили сопственииштвото врз планот и им овозможи на сите чинители подобро да ја разберат важноста на одржливото управување со отпадот.

Важен дел од целиот процес е и склучениот договор за заем од 55 милиони евра со Европската банка за обнова и развој кој вклучува изградба на три регионални депонии, набавка на возила и опрема како и техничка помош за поддршка на регионалниот систем за управување со отпад. Заемот ќе обезбеди средства за нужното модернизирање на возниот парк на општинските комунални претпријатија и ќе ја нагласи клучната улога на (про)активното учество на општините во одржливото управување со отпадот.

Локалниот акциски план (ЛАП) за управување со отпад 2024-2025 на општина Прилеп беше изработен со цел да се утврдат локалните политики за управување со отпадот, да се утврди опсегот на интервенциите и да се постават јасни цели со детални чекори за нивна реализација. Насоките во планот за намалување на создадениот отпад и подобрување на локалните пракси за селекција, собирање и депонирање на отпадот се во согласност со меѓунардоните стандарди и добри пракси за цврст отпад и директно водат кон намалување на влијанието врз животната средина. Регионалната перспектива и нагласокот на меѓуопштинската соработка беа меѓу приоритетите при изработката на ЛАП. Спојувањето на двата региона (пелагониски и југозападен) во еден регион за управување со отпад создава можност, но и обврска за блиска соработка помеѓу општините. Интегрирањето на инклузивните процеси и родовата перспектива во финалниот документ ќе придонесе кон зголемена родова еднаквост, подобар пристап на ранливите групи до услугите во секоја од општините и подобрување на квалитетот на живот на населението.

Планот беше изработен од работна група посебно формирана за оваа цел, во состав:

1. **Цветанка Николоска** – ОИЖС (Експерт за ЕИА, Управител со отпад)
2. **Лилјана Пурдеска Силјаноска** – Помошник на директор за односи со јавност во ЈКП Комуналец
3. **Мартина Николоска** – Советник за план и анализа - управител со отпад
4. **Татјана Стојаноска** – Овластено лице за постапување по законодавство од жс
5. **Татјана Попоска** – Раководител на сектор урбанизам
6. **Винета Иваноска** – Раководител на ЛЕР и прекугранична соработка
7. **Борче Јанкулоски** – Виш соработник во Сектор за финансии
8. **Валентина Недеска** – Советник во одделение за внатрешна контрола - сектор за финансии
9. **Благица Филипоска** – Советник во одделение за внатрешна контрола - сектор за финансии
10. **Диме Велески** – Раководител на селекција на отпад

1 Закон за управување со отпад (Службен Весник бр. 216/2021)

# 2. Национална легислатива и обврски

Развојот на законодавството и политиките од областа на животната средина се прилично динамични процеси и Република Северна Македонија постојано ги следи тековите и промените во еколошкото законодавство на ЕУ како правна база за изградба на еколошки стандарди во разни сектори на животната средина, вклучувајќи го и управувањето со отпадот. Во тој поглед, новиот **Закон за управување со отпад** ја транспонира европската директива за отпад (2008/98/ЕС) како и новата директива со измените од 2018 година (2018/851) со што се нагласува обврската на локалната самоуправа да управува со комуналниот отпад. Новиот закон јасно се повикува на начелата за заштита на животната средина, начелото на претпазливост и на начелото за универзалност на услугата за управување со отпадот и го допрецизира регионалниот систем за управување со отпадот како и улогите на националните и локалните актери. Со стимулација на мерки за намалување на количината на создаден отпад и одржливо управување со отпадот, Законот цели кон зачувување на ресурсите и спречување на негативните влијанија на отпадот врз животната средина.

**Националната стратегија за управување со отпад 2008-2020** ја одразува политиката за управување со отпад и претставува основа за подготовка и спроведување на интегриран и финансиски одржлив систем. Стратегијата обезбедува насоки за активностите во областа на управувањето со отпадот со цел да се надмине неприфатливата состојба на животната средина во земјава која има негативно влијание врз водата, почвата и воздухот како и врз човековото здравје.

Надоврзувајќи се на основата поставена од Стратегијата, **Националниот план за управување со отпад 2020-2030** ја дефинира рамката за креирање и функционирање на интегриран систем за управување со отпад во согласност со хиерархијата за отпад и законодавството на ЕУ и да се постигне еколошки безбедна преработка и отстранување на отпадот во согласност со приликите во Република Северна Македонија. Одржливо функционирање на базичната инфраструктура за управување со комуналниот отпад (организациски и финансиски структури, техничка инфраструктура и правна рамка) е основната цел на Планот.

Институционалната рамка за управување со отпад е јасно дефинирана. Министерството за животна средина и просторно планирање е институција која е одговорна за креирање на политиката за управување со отпад на национално ниво, додека политиката на локално ниво е одговорност на општините. Оперативните активности како што се собирање, селекција, транспорт и депонирање се организирани преку јавните комунални претпријатија. Колективните постапувачи се исто така дел од системот за управување со различни текови на отпад, како на пример отпад од пакување, отпад од електрична и електронска опрема, отпад од батерии и акумулатори и други текови отпад кои го помагаат управувањето преку воспоставување дополнителна мрежа за селекција и спроведуваат активности за подигнување на јавната свест.

Со цел обезбедување финансиски само-одржлив систем за управување со отпад, Законот за управување со отпад го наложува и промовира регионалниот пристап. **Регионалниот систем за управување со отпад** подразбира здружување на општините во пет региони, формирање на меѓуопштински одбори за управување со отпадот за секој регион и изградба на регионални депонии со кои ќе управува **Регионално комунално претпријатие**. Изготвувањето и следењето на реализацијата на **Регионалниот план за управување со отпад** е обврска на новоформираните организациски единици за управување со отпад во Центрите за развој на планските региони.

Регионалното управување со отпад претставува современ, стратешки пристап во управувањето со отпадот и предуслов за систематско решавање на проблемите со отпадот. Интегрираното регионално управување со комуналниот цврст отпад подразбира постепено затворање на несанитарните комунални и диви депонии откако новите регионални санитарни депониии ќе станат оперативни.

# 3. Анализа на постоечка состојба

Општина Прилеп — општина во јужниот дел на Македонија и според површината најголема општина во Македонија. Градоначалник е Борче Јовчески. Центар на општината е градот Прилеп.

Сегашната територија на општината е составена од поранешните (до 2004 година) општини Прилеп, Тополчани и Витолиште. Општината опфаќа дел од Прилепското Поле (Пелагонија) и прилепскиот дел на Мариово.

Општината се граничи со Општина Чашка и Долнени на север, Кавадарци на исток, Кривогаштани, Могила и Новаци на запад и Грција на југ.

Општина Прилеп зафаќа површина од 1 194,44 км$^2$ и има 69,27 жители на км$^2$ густина на населеност.

Во составот на општината влегуваат и 58 села: Алинци, Беловодица, Беровци, Бешиште, Бонче, Вепрчани, Веселчани, Витолиште, Волково, Врпско, Галичани, Голем Радобил, Големо Коњари, Гуѓаково, Дабница, Дрен, Дуње, Ерековци, Живово, Загорани, Кадино Село, Кален, Канатларци, Клепач, Кокре, Крушевица, Крстец, Леништа, Лопатица, Мажучиште, Мал Радобил, Мало Коњари, Мало Рувци, Манастир, Марул, Никодин, Ново Лагово, Ореовец, Пештани, Плетвар, Подмол, Полчиште, Прилепец, Присад, Ракле, Селце, Смолани, Старо Лагово, Топлица, Тројаци, Тополчани, Тројкрсти, Царевиќ, Чаниште, Чепигово, Чумово, Шелеверци и Штавица.

Земјоделието во Општина Прилеп е една од најразвиените стопански гранки. Најзастапени се следните земјоделски култури: тутунот, жит-

**Табела 1:** Вкупна количина на создаден и собран отпад по вид и години во тони

| ОПШТИНА ПРИЛЕП | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ВКУПНА КОЛИЧИНА НА СОЗДАДЕН И СОБРАН ОТПАД ПО ВИД И ГОДИНА (ВО ТОНИ) | | | | | | |
| | 2020 | | 2021 | | 2022 | |
| | Создаден | Собран | Создаден | Собран | Создаден | Собран |
| Хартија | | 1023 | | 897 | | 603 |
| Стакло | | 52 | | 89 | | 24 |
| Пластика | | 155 | | 98 | | 78 |
| Текстил | | 677 | | 483 | | 417 |
| Останат комунален отпад | | 22411 | | 24315 | | 20604 |
| **ВКУПНО** | **35409** | **24318** | **30376** | **25882** | | **21726** |
| % на сортиран отпад | 7,84 | | 6,05 | | 5,16 | |
| % на собран отпад | 68,68 | | 85,21 | | | |
| % на домаќинства покриени со услуга | 90% | | 92% | | 93% | |
| % на наплатен надомест | 91% | | 90% | | 92% | |
| ВКУПНА КОЛИЧИНА НА СОЗДАДЕН И СОБРАН ОТПАД ПО ВИД И ГОДИНА (ВО ТОНИ) | | | | | | |
| Градежен отпад | | 1622 | | 1149 | | 874 |
| Технолошко индустриски отпад | | 1100 | | 1541 | | 1609 |
| **ВКУПНО** | | **2722** | | **2690** | | **2483** |

ните култури и бавчи. Сепак Општина Прилеп е најпозната во Република Македонија а и пошироко по тутунопроизводството кое зазема најголем дел од вкупното земјоделско производство. Затоа Прилеп е наречен град на тутунот.

Во текот на 2017 година Општина Прилеп била посетена од 7.463 туристи, од кои 4.777 странски туристи и 2.686 домашни. Најголемиот број од странските туристи потекнувале од Србија (644), Бугарија (497), Италија (393), Германија (355), Грција (321) и Украина (304).

Според податоците од последниот попис, Општина Прилеп во 2021 година, има 69.125 жители, од кои 34 208 (49,5 %) се мажи, а 38 817 (50,4 %) се жени.

Во 2021 година, вкупните буџетски расходи на Општина Прилеп изнесувале 1.4 милијарда денари од кои 79,6% биле тековни расходи. Од вкупните буџетски расходи, 49,19% биле расходи за плати на вработените во општинската администрација, 27,43% биле расходи за набавка на стоки и услуги, 15,81% биле капитални расходи и 7,57% отпаѓале на други расходи. Во структурата на буџетските приходи, 17.68% биле даночни приходи, 63.41% биле трансфери од другите нивоа на власт, 6.63% неданочни приходи, 9.85% приходи од продажба на земјиште и 2.43% донации.

**Табела 2:** Возила за управување со отпад во општина Прилеп

Специјални и товарни возила за подигање на селектиран отпад 120 л.

| ОПШТИНА ПРИЛЕП | | | |
|---|---|---|---|
| ВОЗИЛА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД ВО ОПШТИНАТА | | | |
| Марка | Тип на возило | Намена / одговорен | Година на производство |
| IVECO | Селекција на отпад-пакерско 85-12 | Селекција на отпад/пакерско | 1995 |
| IVECO | Селекција на отпад-пакерско 65.9 | Селекција на отпад/пакерско | 1999 |
| IVECO | 65.9 | Селекција на отпад/пакерско | 1997 |
| MERCEDES | 12/13/1942 | Селекција на отпад/пакетско | 1985 |
| TAM | 74T5BE32 | Селекција на отпад/пакерско | 1980 |
| TAM | 75T5T | Селекција на отпад/пакерско | 1981 |
| ZASTAVA | TURBO ZETA 79 | Селекција на отпад/пакерско | 1997 |
| ZASTAVA | 8312A 3600 | Селекција на отпад/пакерско | 1989 |
| IVECO DAILY | 40-C-9 | Селекција на отпад/пакерско | 2001 |
| IVECO DAILY | 35-C-9 | Селекција на отпад/пакерско | 2002 |
| MAN | 140LE | Селекција на отпад/пакерско | 2001 |
| MERCEDES | | Селекција на отпад/пакерско | |
| IVECO | | Селекција на отпад/пакерско | |

Специјални и товарни возила за подигање на селектиран отпад 120 л.

| ОПШТИНА ПРИЛЕП | | | |
|---|---|---|---|
| ВОЗИЛА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД ВО ОПШТИНАТА | | | |
| Марка | Тип на возило | Намена / одговорен | Година на производство |
| MAN | LE 14.225 LLC | За смет 1м$^3$ | 2002 |
| MERCEDES-BENZ | 1824 6x2-2/52 | За смет 1м$^3$ | 1997 |
| MERCEDES-BENZ | 1824 39 | За смет 1м$^3$ | 1997 |
| ISUZU | | За смет 1м$^3$ | |
| MERCEDEZ -BENZ | ATEGO 818K.30 | Возило за смет/подигач на контејнери 5 m$^3$ | 2000 |
| FAP | 19-21 VK KIPER | товарно | 1987 |
| MERCEDEZ | mercedes 12-13/42 | Возило за смет/подигач на контејнери 5 m$^3$ | 1989 |
| IVECO | Камион Кипер 20m3 | N3 Товарно возило/ EUR 05 Кипер | 2020 |
| MAN | Камион за собирање и одведување на смет | Возило за смет -подигач на контејнери 5 m$^3$ N3 Товарно возило/EUR 04 | 2007 |

Специјални возила за подигање на мешан комунален отпад 120 л.

| ОПШТИНА ПРИЛЕП | | | |
|---|---|---|---|
| ВОЗИЛА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД ВО ОПШТИНАТА | | | |
| Марка | Тип на возило | Намена / одговорен | Година на производство |
| FAP | 1921/36 | цистерна | 1997 |
| FAP | 1314 | цистерна | 1981 |
| IVECO | EUROKARGO ML65E37 | Возило за спец.намена -дигалка | 1997 |
| RENAULT | | цистерна | 2022 |
| MERCEDES | 903.6 SPRINTER 311CDI | Садови за смет 120 l Возило за специјална намена | 2003 |
| IVECO | EUROCARGO ML80E18/ | Садови за смет 120 l комунално | 2003 |
| MAN | Ф 2000 | Садови за смет 120 l Специјално товарно | 2001 |
| IVECO | Комунално возило за специјална намена | Садови за смет 120 l N2 Товарно / EUR 05 | 2021 |
| TAM | 130T 11 FE | Фекалка | 1988 |
| HYUNDAI | HD 75 | за смет | 2011 |
| HYUNDAI | HD 75 | за смет | 2011 |
| MAN | MAN M20/ L86/ 18.264LL | комунално | 1999 |
| MAN | M20/L88/ 18.264 LLC | BA-KESON | 1999 |
| RENAULT | 44VO31 MIDLUM | товарно комунално | 2002 |
| MAN | MAN F2000 19.314FLK | Товарно | 2001 |
| MERCEDES -BENZ | 815L ATEGO | за смет | 2001 |
| FAP | 22-28 | фургон | 1990 |
| FAP | 1620 BD 45 | специјално | 1988 |

# 4. Акциски план за 2024-2025

<table>
<tr><th colspan="10">ОПШТИНА ПРИЛЕП</th></tr>
<tr><td colspan="2">Приоритет 1</td><td colspan="8">Обезбедување услуги (собирање и транспорт на отпад) на што е можно повеќе корисници</td></tr>
<tr><td colspan="2">Цел 1.1</td><td colspan="8">Подобрено собирање и транспортирање на отпадот преку планирање</td></tr>
<tr><td colspan="2">Акција 1.1.1</td><td colspan="8">Утврдување на невклучени корисници и на пречките кои што и го отежнуваат пристапот до корисниците, вклучувајќи ги и ранливите групи</td></tr>
<tr><td colspan="2">Координација со:</td><td colspan="8">надворешни засегнати страни, САЛАР</td></tr>
<tr><td colspan="2">Активност</td><td>Времетраење</td><td>Временска рамка (квартално или полугодишно)</td><td>Одговорни за спроведување (сектор, одделение)</td><td>Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации)</td><td>Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор)</td><td>Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација)</td><td>Почетна состојба (на ниво на акција)</td><td>Цел/индикатор (на ниво на акција)</td></tr>
<tr><td>1.1.1.1</td><td>Работа на терен и утврдување на број на невклучени корисници</td><td>12 месеци</td><td>1/2024 - 4/2024</td><td>ЈКП ,,Комуналец'' - Прилеп</td><td>/</td><td>ЈКП ,,Комуналец'' - Прилеп</td><td>Спроведување на активноста со Оддделот за контрола и премер и поддршка од Инспекторатот при ЕЛС</td><td rowspan="2">Комунална услуга кон граѓани 19.833 корисници<br>Комунална услуга кон бизнис сектор 2.090 корисници</td><td rowspan="2">Зголемен број на корисници на услугата (граѓани и бизнис сектор)<br><br>Идентификувана најмалку една пречка која го отежнува пристапот на жените<br><br>Идентификувана најмалку една пречка која го отежнува пристапот на лица од ранливи групи</td></tr>
<tr><td>1.1.1.2</td><td>Анализа на корисниците до кои е отежнат пристапот на користење на услугите и изработка на план за нивно вклучување</td><td>3 месеци</td><td>4/2024</td><td>ЈКП ,,Комуналец'' - Прилеп, Сектор, Инспекторат</td><td>/</td><td>ЈКП ,,Комуналец'' - Прилеп</td><td>Експертска поддршка - САЛАР</td></tr>
</table>

| Приоритет 1 | | Обезбедување услуги (собирање и транспорт на отпад) на што е можно повеќе корисници | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Цел 1.1 | | Подобрено собирање и транспортирање преку планирање | | | | | | | | |
| Акција 1.1.2 | | Анализа на маршрути за собирање и потребни возила вклучувајќи типови и број на контејнери/канти | | | | | | | | |
| Координација со: | | МЖСПП, САЛАР | | | | | | | | |
| Активност | | Времетраење | Временска рамка (квартално или полугодишно) | Одговорни за спроведување (сектор, одделение) | Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации) | Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор) | Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација) | Почетна состојба (на ниво на акција) | Цел/индикатор (на ниво на акција) |
| 1.1.2.1 | Анализа со приоритети на населени места и населби кои треба да бидат опфатени со услугата | 3 месеци | 2/2024 | ЈКП ,,Комуналец'' - Прилеп Сектор урбанизам комунални работи и заштита на животна средина | / | / | / | Вклучени 15 населени места со наплата на комунални сметки + насленото место Алинци кое е исклучено од наплата заради близината на постоечката депонија во Алинци | Утврдени дополнителни населени места и населби кои треба да бидат опфатени со услугата |
| 1.1.2.2 | Адаптирање на маршрутите врз основа на спроведената анализа | 9 месеци | 2/2024 - 4/2024 | ЈКП ,,Комуналец'' - Прилеп Сектор за финансии МЖСПП | Дополнително ќе се одреди | МЖСПП (централен буџет), буџет на општината, донатор | Техничка поддршка од САЛАР | | Адаптирани маршрути врз основа на анализата |

| Приоритет 1 | | Обезбедување услуги (собирање и транспорт на отпад) на што е можно повеќе корисници | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Цел 1.1 | | Подобрено собирање и транспортирање преку планирање | | | | | | | |
| Акција 1.1.4 | | Истражување на начин како да се користи меѓуопштинска соработка за да се зголеми покриеноста со услуги | | | | | | | |
| Координација со: | | МЖСПП, други општини | | | | | | | |
| Активност | | Времетраење | Временска рамка (квартално или полугодишно) | Одговорни за спроведување (сектор, одделение) | Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации) | Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор) | Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација) | Почетна состојба (на ниво на акција) | Цел/индикатор (на ниво на акција) |
| 1.1.4.1 | Иницијатива за заедничка опеативна соработка и комуникација со соседните и блиижните општини | 24 месеци | 1/2024 - 4/2025 | Работна група за отпад | / | / | Координација со соседни општини | Потреба од соработка со општините Долнени, Кривогаштани, Крушево, Кичево и др. | Склучена меѓуопштинска соработка со цел зголемување на покриеноста со услуги |
| 1.1.4.2 | Формализирање на меѓуопштинската соработка со избраните општини | 3 месеци | 3/2024 - 4/2024 | Градоначалник и Совет на Општина, ЈКП | / | / | Координација со соседни општини | | |
| 1.1.4.3 | Идентификување на приоротети и изнајдување на најсоодветени фондови и достапни финансиски средства (ЕУ) за остварување меѓуопштинска соработка и аплицирање | 24 месеци | 1/2024 - 4/2025 | Градоначалници, Одделение за Локален економски развој и ЈКП | Дополнително ќе се одреди | МЖСПП (централен буџет), буџет на општините, донатори, ЕУ | Координација со соседни општини | | |

<table>
<tr><td colspan="2">Приоритет 1</td><td colspan="8">Обезбедување услуги (собирање и транспорт на отпад) на што е можно повеќе корисници</td></tr>
<tr><td colspan="2">Цел 1.1</td><td colspan="8">Подобрено собирање и транспортирање преку планирање</td></tr>
<tr><td colspan="2">Акција 1.1.6</td><td colspan="8">Развивање и испорака на образовни програми за вработените за соодветни организациски процеси и управување со податоци</td></tr>
<tr><td colspan="2">Координација со:</td><td colspan="8">МЖСПП, САЛАР</td></tr>
<tr><td colspan="2">Активност</td><td>Времетраење</td><td>Временска рамка (квартално или полугодишно)</td><td>Одговорни за спроведување (сектор, одделение)</td><td>Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации)</td><td>Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор)</td><td>Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација)</td><td>Почетна состојба (на ниво на акција)</td><td>Цел/индикатор (на ниво на акција)</td></tr>
<tr><td>1.1.6.1</td><td>Развој на образовн програми за вработените за организација и управување со податоци</td><td>2 месеци</td><td>2/2024</td><td>Сектор урбанизам, комунални работи и заштита на животна средина, Сектор Инспекторат ЈКП ,,Комуналец’’ - Прилеп</td><td>/</td><td>Донаторска поддршка - Сида/САЛАР</td><td>Експертска поддршка - САЛАР</td><td rowspan="2">Нема соодветни едукативни програми што се однесуваат на организацијата и управувањето со податоци</td><td rowspan="2">Развиени се програми за органаизација и управување со податоци и истите се испорачани на вработените<br><br>Најмалку 40% од обучените се жени</td></tr>
<tr><td>1.1.6.2</td><td>План и реализација за образовни програми за вработените од оперативните одделенија (селекција на отпад, видови и шифрарник на категории на отпад, процес на компостирање и др.)</td><td>6 месеци</td><td>3/2024 - 4/2024</td><td>ЈКП ,,Комуналец’’ - Прилеп</td><td>120.000,00 ден</td><td>Донаторска поддршка - Сида/САЛАР</td><td>Експертска поддршка - САЛАР</td></tr>
</table>

<table>
<tr><td colspan="2">Приоритет 1</td><td colspan="8">Обезбедување услуги (собирање и транспорт на отпад) на што е можно повеќе корисници</td></tr>
<tr><td colspan="2">Цел 1.2</td><td colspan="8">Зголемен возен парк, канти и контејнери</td></tr>
<tr><td colspan="2">Акција 1.2.1, 1.2.2 и 1.2.3</td><td colspan="8">Идентификување извори на финасирање, набавка на возила, канти и контејнери и обука</td></tr>
<tr><td colspan="2">Координација со:</td><td colspan="8">МЖСПП, САЛАР</td></tr>
<tr><td colspan="2">Активност</td><td>Времетраење</td><td>Временска рамка (квартално или полугодишно)</td><td>Одговорни за спроведување (сектор, одделение)</td><td>Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации)</td><td>Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор)</td><td>Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација)</td><td>Почетна состојба (на ниво на акција)</td><td>Цел/индикатор (на ниво на акција)</td></tr>
<tr><td>1.2.1.1</td><td>Идентификување на извори на финансирање и ефективно финансиско планирање</td><td>континуирано</td><td>1/2024 - 4/2025</td><td>ЈКП ,,Комуналец’’ - Прилеп, Сектор финансии - Општина Прилеп</td><td>/</td><td>Општински буџет, ЈКП ,,Комуналец’’ - Прилеп, Донатори ЕБОР</td><td>Техничка поддршка од САЛАР</td><td rowspan="3">Аплицирани се проекти од ЕУ фондови<br><br>Застарен возен парк<br><br>Не се спроведени обуки за вработени те кои работат на терен</td><td rowspan="3">Идентификувани се дополнителни извори на финансирање<br><br>Набавени се 9 нови возила од проектот за изградба на Регионална депонија<br><br>Вработените се обучени за работа на терен</td></tr>
<tr><td>1.2.1.2</td><td>Набавка на возила и канти/контејнери</td><td>6 месеци</td><td>2/2024 - 3/2024</td><td>Општина Прилеп, ЈКП ,,Комуналец’’ - Прилеп</td><td>70.000.000,00 ден</td><td>МЖСПП</td><td>/</td></tr>
<tr><td>1.2.1.3</td><td>Обезбедување на обука на вработените во комуналните претпријатија кои работата на терен</td><td>1 месец</td><td>3/2024</td><td>ЈКП ,,Комуналец’’ - Прилеп</td><td>100.000,00 ден</td><td>МЖСПП, ЈКП ,,Комуналец’’ - Прилеп, Донатори</td><td>/</td></tr>
</table>

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Приоритет 2 | | Воведување на систем за селекција на отпад и собирање на посебни текови на отпад | | | | | | | |
| Цел 2.1 | | Идентификувани количини на посебни текови што се создаваат во општината | | | | | | | |
| Акција 2.1.1 и 2.1.2 | | Подготовка на листа за посебни текови на отпад што се создаваат на територијата на општината и анализа за утврдување на специфични текови на отпад и начин на постапување | | | | | | | |
| Координација со: | | МЖСПП, САЛАР | | | | | | | |
| Активност | | Времетраење | Временска рамка (квартално или полугодишно) | Одговорни за спроведување (сектор, одделение) | Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации) | Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор) | Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација) | Почетна состојба (на ниво на акција) | Цел/индикатор (на ниво на акција) |
| 2.1.1.1 | Спроведување на сеопфатна анализа за посебни и специфични текови на отпад што се создаваат на територијата на општината и начин на постапување | 2 месеци | 2/2024 | Сектор урбанизам комунални работи и заштита на животна средина, ЈКП ,,Комуналец'' - Прилеп | / | Донаторска поддршка - Сида/САЛАР | Експертска поддршка од САЛАР | Не постои сеопфатна анализа во моментов<br><br>Договорите со колективни постапувачи и откупувачи на отпад треба да се склучат и/или ажурираат | Изготвена анализа вклучувајќи количини на посебни текови на отпад; количини на посебни текови текови на отпад; и план за селекција и собирање на отпад<br><br>Договорите со колективни постапувачи и откупувачи на отпад треба се склучени ажурирани |
| 2.1.1.2 | Подготовка на извештај од анализата (количини на посебни текови на отпад; утврдување на количини на посебни текови текови на отпад; изработка на план за селекција и собирање на отпад) | 1 месец | 2/2024 | Сектор урбанизам комунални работи и заштита на животна средина, ЈКП ,,Комуналец'' - Прилеп | 50.000,00 ден. | Донаторска поддршка - Сида/САЛАР | Експертска поддршка од САЛАР | | |
| 2.1.1.3 | Изготвување на база на податоци на посебни текови на отпад што се создаваат на територијата на општината | 6 месеци | 3/2024 - 4/2024 | Сектор урбанизам комунални работи и заштита на животна средина, ЈКП ,,Комуналец'' - Прилеп, Одделение за ИТ | 250.000,00 ден | Буџет на општината, Донатори | Техничка поддршка од САЛАР | | |
| 2.1.1.4 | Утврдување на начин на постапување врз основа на анализа на мешање на комунален со индустриски отпад и мониторинг на економски оператори кои создаваат посебни текови на отпад | 24 месеци | 1/2024 - 4/2025 | Сектор инспекторат – ЈКП Комуналец | / | / | Експертска поддршка од САЛАР | | |
| 2.1.1.5 | Склучување и/ или ажурирање на Договори со колективни постапувачи со отпад и Договори со откупувачи со отпад | 3 месеци | 1/2024 | Општина Прилеп, Колективен постапувач, ЈКП ,,Комуналец'' - Прилеп | / | / | / | | |

| Приоритет 2 | | Воведување на систем за селекција на отпад и собирање на посебни текови на отпад | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Цел 2.2 | | Создавање на пресретлива/поволна средина за селекција на отпадот | | | | | | | |
| Акција 2.2.1 и 2.2.2 | | Анализа на пазарот на материјали за рециклирање и трошоците за селекција на отпадот | | | | | | | |
| Координација со: | | САЛАР | | | | | | | |
| Активност | | Времетраење | Временска рамка (квартално или полугодишно) | Одговорни за спроведување (сектор, одделение) | Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации) | Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор) | Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација) | Почетна состојба (на ниво на акција) | Цел/индикатор (на ниво на акција) |
| 2.2.1.1 | Спроведување на сеопфатна анализа на пазарот на материјали и трошоци за селекција и рециклирање на отпад според однапред утврдена методологија | 2 месеца | 2/2024 | Сектор урбанизам комунални работи и заштита на животна средина, ЈКП ,,Комуналец’’ - Прилеп | / | / | Експертска поддршка од САЛАР | Постои анализа на приходи и расходи но недостига сеопфатна анализа на пазарот на материјали и трошоци за селекција и рециклирање на отпад | Подготвена анализа на пазарот на материјали и трошоци за селекција и рециклирање на отпад на отпад |
| 2.2.1.2 | Изработка на извештај за можности за селекција и рециклирање на отпад и трошоци/ придобивки | 1 месец | 2/2024 | Сектор урбанизам комунални работи и заштита на животна средина, ЈКП ,,Комуналец’’ - Прилеп | 150.000,00 ден | Донаторска поддршка - Сида/САЛАР | Експертска поддршка од САЛАР | | Дефинирана најмалку една можност/ придобивка која специфично се однесува на жените при селекција и рециклирање на отпад<br><br>Отворени се и склучени се договори за откуп на отпадни материјали со нови откупувачи<br><br>Пазарот за откуп на отпадни материјали е проширен |

| Приоритет 2 | | Воведување на систем за селекција на отпад и собирање на посебни текови на отпад | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Цел 2.2 | | Создавање на пресретлива/поволна средина за селекција на отпадот | | | | | | | |
| Акција 2.2.3 | | Мобилизирање на поддршка за воведување нов систем за селекција на отпад | | | | | | | |
| Координација со: | | САЛАР | | | | | | | |
| Активност | | Времетраење | Временска рамка (квартално или полугодишно) | Одговорни за спроведување (сектор, одделение) | Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации) | Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор) | Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација) | Почетна состојба (на ниво на акција) | Цел/индикатор (на ниво на акција) |
| 2.2.3.1 | Промотивни активности за воведување на нов модел на селекција на отпад со трета канта за селекција на биоразградлив отпад | 12 месеци | 1/2024 - 4/2024 | ЈКП ,,Комуналец'' - Прилеп | 50.000,00 ден | Донаторска поддршка - Сида/САЛАР | Експертска поддршка од САЛАР | Постојниот модел на селекција на отпад по системот „врата до врата“ е со примена на две канти по принципот на сува и влажна постапка | Спроведени се промотивни активности за воведување на нов модел на селекција на отпад со трета канта за селекција на биоразградлив отпад |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Приоритет 2 | | Воведување на систем за селекција на отпад и собирање на посебни текови на отпад | | | | | | | |
| Цел 2.2 | | Создавање на пресретлива/поволна средина за селекција на отпадот | | | | | | | |
| Акција 2.2.4 | | Подигнување на јавната свест, мотивирање на населението за придобивките од селекција на отпадот | | | | | | | |
| Координација со: | | Засегнати страни (НВО, медиуми, училишта), САЛАР | | | | | | | |
| 2.2.4.1 | Продолжување на подигнување на јавната свест преку кампањи ,,Ако селектираме и ќе рециклираме'';<br>Едукација на децата од предшколска возраст;<br>Едукација на децата од основните и средните училишта;<br>Едукација на граѓаните преку организирање на едукативни настани и емисии во Медиумите ;<br>Организирањена јавни расправи, трибини;<br>Печатење и дистрибуција на едукативни материјали;<br>Емитување на радио и ТВ емисии на локално ниво;<br>Иницирање и едукација на одржлив развој;<br>Организирање на кампањи и акции на генераторите на отпад;<br>Јавна кампања за запознавање на јавноста со бенефитите од компостирање во домаќинствата. | 24 месеци | 1/2024 - 4/2025 | Општина Прилеп ЈКП ,,Комуналец'' - Прилеп | 200.000,00 ден | Општински буџет, ЈКП ,,Комуналец'' - Прилеп, Донатори | НВО, медиуми | Проект реализиран 2008 Локалната самоуправа, при што беше спроведена кампањата ,,Уметноста по контејнерите,, која беше спроведена со средношколците и предшколската возраст. Истите со спрејови во боја ги насликаа контејнерите со најразновидни мотиви<br>Проект ,,Радоста на градските контејнери"<br>-реализиран 2019-2020 година.<br>Проект за селективно собирање на ПЕТ амбалажа во соработка со УСАИД и Локалната самоуправа<br>Редовни едукации за селкција на отпад во училиштата<br>Редовна информација и едукација преку ФБ страницата и ВЕБ страната<br>Реализирани трибини и интервјуа на ТВ, радио и локални весници | Подигната е јавната свест, населението е мотивирано да селектира отпад, вклучително и биоразградлив отпад<br><br>Спроведена најмалку една активност специфично наменета за подигнување на степенот на информираност на ранливите групи |
| 2.2.4.2 | Подигнување на јавна свест и мотивирање на населенитето за придобивките од селекција на отпад | 18 месеци | 3/2024 - 4/2025 | Општина Прилеп, ЈКП ,,Комуналец'' - Прилеп | 200.000,00 ден | Донаторска поддршка - Сида/САЛАР | Експертска поддршка од САЛАР | | |

| Приоритет 2 | | Воведување на систем за селекција на отпад и собирање на посебни текови на отпад | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Цел 2.3 | | Обезбедување капацитети и опрема за селекција на отпад | | | | | | | |
| Акција 2.3.1 | | Идентификување на нови можности за финансирање за управување со отпад | | | | | | | |
| Координација со: | | САЛАР | | | | | | | |
| Активност | | Времетраење | Временска рамка (квар-тално или по-лугодишно) | Одговорни за спроведување (сектор, одделение) | Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации) | Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор) | Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација) | Почетна состојба (на ниво на акција) | Цел/индикатор (на ниво на акција) |
| 2.3.1.1 | „Проширување на видовите на селектирани отпадни материјали и изнајдување на пазари за пласман“ | 2 месеци | 2/2024 година | ЈКП ,,Комуналец’’ - Прилеп | Дополнително ќе се одреди | ЈКП ,,Комуналец’’ - Прилеп | Техничка поддршка од САЛАР | 1. Цени за комунални услуги на ЈКП ,,Комуналец’’ - Прилеп, за месец во денари по м2, за правни лица од 5,50 ден/$м^2$, под кров корисна површина, и 2,00 денари под двор, утврдена со Одлука бр. 02 - 1606/2 од 23.09.2022 година, од Управниот одбор.<br>2. Цени за комунални услуги на ЈКП ,,Комуналец’’ - Прилеп, за месец во денари по $м^2$, за домаќинства од 3,00 ден/$м^2$, под кров корисна површина, и 0,50 денари под двор, утврдена со Одлука бр. 02 - 1606/2 од 23.09.2022 година, од Управниот одбор.<br><br>3. Надоместок за ЈПП, паркови и зеленило, врз основа на Оперативен план во вкупна површина од 677,485$м^2$ со единечна цена ден/$м^2$ за правни лица утврден со Одлука на УО бр.02-1608/4 од 23.09.2022 година.<br>- Надоместок од правни лица помали од 100 $м^2$ под кров - со единечна мерка $м^2$ со кавадратура по Оперативен план 677.465 $м^2$ и единечна цена 0,0001476 ден/$м^2$<br>- Надоместок од правни лица од 101 $м^2$ до 1.000 $м^2$ под кров - 677.465 $м^2$ - 0,0003691 ден/$м^2$<br>- Надоместок од правни лица од 1.001 $м^2$ до 10.000 $м^2$ под кров - 677.465 $м^2$ - 0,0014761 ден/$м^2$<br>- Надоместок од правни лица поголеми од 10.001 $м^2$ под кров - 677.465 $м^2$ - 0.0029522 ден/$м^2$. | Проширени се видовите на селектирани отпадни материјали и изнајдени се пазари за пласман<br><br>Воведени се во наплата други категории на отпад |
| 2.3.1.2 | Воведување на наплата на габаритниот отпад и зелениот отпад | 3 месеци | 3/2024 - 4/2024 | ЈКП ,,Комуналец’’ - Прилеп | Дополнително ќе се одреди | ЈКП ,,Комуналец’’ - Прилеп | Техничка поддршка од САЛАР | | |

| Приоритет 2 | | Воведување на систем за селекција на отпад и собирање на посебни текови на отпад | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Цел 2.3 | | Обезбедување капацитети и опрема за селекција на отпад | | | | | | | |
| Акција 2.3.3 | | Изградба на центар за управување со отпад | | | | | | | |
| Координација со: | | САЛАР | | | | | | | |
| Активност | | Времетраење | Временска рамка (квартално или полугодишно) | Одговорни за спроведување (сектор, одделение) | Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации) | Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор) | Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација) | Почетна состојба (на ниво на акција) | Цел/индикатор (на ниво на акција) |
| 2.3.3.1 | Продолжување со градба на центарот за управување со отпад и изградба на плато со оградување | 24 месеци | 1/2024 - 4/2025 | Општина Прилеп, ЈКП ,,Комуналец''- Прилеп | 50.000.000,00 ден | МЖСПП | Техничка поддршка од САЛАР, Одделение за локален економски развој | Досега се вложени 11.836.517,оо денари од ЈКП ,,Комуналец" - Прилеп<br><br>Линијата е набавена делумно и вложени се 11.367.000,оо денари од ЈКП ,,Комуналец" - Прилеп | Халата е изградена и пуштена во употреба<br><br>Линијата за селекција е функционална |
| 2.3.3.2 | Набавка на сортирница и дополнителни делови за линија за селекција на отпад контролни табли, електронски табли, компјутерски и видео систем, обука, монтажа на линија и гаранција | 12 месеци | 1/2025 - 4/2025 | Општина Прилеп, ЈКП ,,Комуналец'' - Прилеп | 40.000.000,00 ден | МЖСПП | Техничка поддршка од САЛАР, Одделение за локален економски развој | | |

| Приоритет 2 | | Воведување на систем за селекција на отпад и собирање на посебни текови на отпад | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Цел 2.3 | | Обезбедување капацитети и опрема за селекција на отпад | | | | | | | |
| Акција 2.3.5 | | Идентификување и обезбедување на купувачи на отпад | | | | | | | |
| Координација со: | | Други општини, САЛАР | | | | | | | |
| Активност | | Времетраење | Временска рамка (квартално или полугодишно) | Одговорни за спроведување (сектор, одделение) | Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации) | Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор) | Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација) | Почетна состојба (на ниво на акција) | Цел/индикатор (на ниво на акција) |
| 2.3.5.1 | Анализа на нови решенија за продажба на селектираниот отпад врз основа на податоците од меѓуопштинска соработка | 12 месеци | 1/2025 - 4/2025 | Меѓуопштинска соработка - координативно тело | / | / | Меѓуопштинска соработка - координативно тело, Техничка поддршка од САЛАР | Не се потпишани договорите за Меѓуопштинска соработака | Развиена е заедничка мрежа на податоци и продажба |

| Приоритет 2 | | Воведување на систем за селекција на отпад и собирање на посебни текови на отпад | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Цел 2.3 | | Обезбедување капацитети и опрема за селекција на отпад | | | | | | | |
| Акција 2.3.6 | | Изградба на острови за селекција на отпад | | | | | | | |
| Координација со: | | / | | | | | | | |
| Активност | | Времетраење | Временска рамка (квартално или полугодишно) | Одговорни за спроведување (сектор, одделение) | Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации) | Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор) | Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација) | Почетна состојба (на ниво на акција) | Цел/индикатор (на ниво на акција) |
| 2.3.6.1 | Анализа на постојните и планирање на нови локации за изградба на еколошки острови | 3 месеци | 3/2024 | Сектор урбанизам и заштита на животна средина | / | / | / | Не е ажуриран планот | Изготвен е нов план за распоред на контејнери |
| 2.3.6.2 | Донесување на нов план за број и распоред на контејнери во Општина Прилеп | 3 месеци | 4/2024 | Сектор урбанизам и заштита на животна средина | / | / | / | | |

| Приоритет 2 | | Воведување на систем за селекција на отпад и собирање на посебни текови на отпад | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Цел 2.3 | | Обезбедување капацитети и опрема за селекција на отпад | | | | | | | |
| Акција 2.3.7 | | Набавка на контејнери / канти и возила за собирање на отпад | | | | | | | |
| Координација со: | | МЖСПП и САЛАР | | | | | | | |
| Активност | | Времетраење | Временска рамка (квартално или полугодишно) | Одговорни за спроведување (сектор, одделение) | Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации) | Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор) | Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација) | Почетна состојба (на ниво на акција) | Цел/индикатор (на ниво на акција) |
| 2.3.7.1 | Набавка на канти/ контејнери | 6 месеци | 2/2024 - 3/2024 | Општина Прилеп, ЈКП ,,Комуналец'' - Прилеп | Дополнително ќе се одреди | МЖСПП | / | Не е изготвен план за распределување на канти за биоразгрдлив отпад<br><br>Досега е извршена едукација на населението со две канти | Спроведени се активности за промоција на моделот за селекција<br><br>Функционален е моделот со три канти |
| 2.3.7.2 | Планирање за распределување на канти за угостителски капацитети и туризам за селекција на чист биоразградлив отпад создаден при процес на подготовка на храна и неупотребена храна | 6 месеци | 3/2024 - 4/2024 | Сектор урбанизам комунални работи и заштита на животна средина, ЈКП ,,Комуналец'' - Прилеп | 50.000,00 ден | Донатори | Техничка поддршка од САЛАР | | |
| 2.3.7.3 | Промоција на новиот модел за селекција на отпад со три канти | 9 месеци | 2/2024 - 4/2024 | Сектор урбанизам комунални работи и заштита на животна средина, ЈКП ,,Комуналец'' - Прилеп | 100.000,00 ден | ЈКП ,,Комуналец'' - Прилеп, Донаторска поддршка - Сида/САЛАР | Одделение за локален економски развој | | |

| Приоритет 3 | | Намалување на количините за органски отпад кои завршуваат на депонија | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Цел 3.1 | | Создавање пресретлива средина за селекција на органски отпад | | | | | | | |
| Акција 3.1.1 | | Анализа на количини и модели на органски отпад и исплатливост и придобивки за селекција и третман на органски отпад | | | | | | | |
| Координација со: | | САЛАР | | | | | | | |
| Активност | | Времетраење | Временска рамка (квартално или полугодишно) | Одговорни за спроведување (сектор, одделение) | Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации) | Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор) | Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација) | Почетна состојба (на ниво на акција) | Цел/индикатор (на ниво на акција) |
